КАРПОШ УРБАН

Весник на локалната самоуправа
мај-јуни 2014 • бр. 40-41 • година 6



ХУМАНИ ЗА НАШИТЕ СОСЕДИ

Registered
ISO 9001:2008

ISSN 1857-6753

MOTOCENTAR
Сигурен избор



MICHELIN Continental BRIDGESTONE nokian TYRES Firestone

тел: 30 95 777 • 27 74 144
info@motocentar.com.mk
www.facebook.com/Motocentar.mk
www.motocentar.com.mk

имвента д.о.о- скопје

Дозвола# 35170

+3892 3081657

SMART HOME
CHOOSE PRIVILEGE

MONEY IMVENTA GUARANTEE

BELVEDERE
RESORT

RADIO engineering

www.belvedereresort.mk

капош

ВО ОВОЈ БРОЈ



ВО ФОКУСОТ

МЕЃУ СОЛЗИТЕ И БЛАГОДАРНОСТА 6



РЕПОРТАЖА

ДВАЕСЕТ МИНУТИ НА ВРВОТ НА АНДИТЕ 14



КУЛТУРА

IDF - SKOPJE - МОЌТА НА ТАНЦОТ 17



ЦВЕТНИ ГРАДИНИ

КАТЧЕ ЗА СОСЕДСКА ДРУЖБА 20



ТАЛЕНТИРАНИ И УСПЕШНИ

Мартина Димовска

„ЛЕБЕДОТ“ ПЛОВИ КОН НАПОЛИ 22



Издава Општина Карпош
Ул. Радика бр. 9
1000 Скопје, Р. Македонија
тел.: 02 / 30-55-901
факс: 02 / 30-71-040
kontakt@karpos.gov.mk
www.karpos.gov.mk

Издавачки совет
Ристо Иванов
Зоран Костов
Димче Мешковски
Томе Груевски
Владо Поповски

Главен и одговорен уредник
Виолета Цветковска
vikipr@karpos.gov.mk

Редакција
Игор Ѓуровски
Лилјана Петрушевска-Кочовска
Мила Глигорова
Ива Манова
Анета Манчевска
Живко Трајановски
Јоана Станиќ

Технички уредник
Зоран М. Гулевски

Лектура
Лилјана Петрушевска-Кочовска

Фотографија
Ива Манова
Амел Амед
Игор Ѓуровски

Маркетинг
Александар Бошковски
Горан Димовски
Ивана Пендовска
marketing@karpos.gov.mk

ХУМАНИ ЗА НАШИТЕ СОСЕДИ



Општина Карпош во изминатиот период спроведе низа активности за помош на настрадaните во соседните земји Србија и Босна и Херцеговина. Со ова, локалната самоуправа само го докажа епитетот најхумана Општина, па така се отворија вратите на 14-те урбани заедници, каде секој жител имаше можност да ја донира својата хуманитарна помош.

Освен тоа, Карпош беше единствената Општина во главниот град со единица за заштита и спасување, од која 15-на спасувачи беа испратени да помогнат во евакуирањето на граѓаните од загрозените подрачја. За таа цел, Советот на Општина Карпош донесе одлука, половина од своите месечни примања (паушали) советниците да ги пренасочат како донација за настрадaните во големите поплави што ги зафатија Србија и Босна и Херцеговина.

Во рамките на хуманитарните активности, беа поставени штандови пред поголемите супермаркети, каде купувачите можеа да дониpаат конзервирана храна, средства за хигиена и вода, а во заемна соработка и со трговскиот центар „Скопје сити мол“ и во придружба на Општинската организација на Црвен крст, штандовите беа преполни со продукти за лична хигиена, прибор за јадење за еднократна употреба како и со многу вода, кои беа доставени до кризните подрачја во Србија и во БиХ. На хуманитарната помош се приклучија и најмалите, односно учениците и наставничките тимови од сите основни училишта во Карпош. Донираните средства од жителите на општина Карпош и учениците, беа доставени со конвојот на Црвен крст до поплавените места, а беа собрани околу 23.000 евра, 80 различни артикли и четиринаесет тони вода и пијалоци.



Мила Глигорова



Почитувани сограѓани,

Месеците што ги оставаме зад нас, мај и јуни, по правило требаше да бидат најубавиите месеци, крај на пролетта почеток на летото.Во нив ги засилуваме градежните работи, го одржуваме зеленилото, привршува учебната година. За жал, ние бевме фокусирани на други работи, кои, исто така, се дел од животот, но и од општествената одговорност. Дождливиот мај и поројните врнежи доведоа до големи поплави кои ги надминаа границите на временска непогода и станаа вистинска катастрофа, особено кај нашите соседи: Република Србија, Босна и Херцеговина и Хрватска.

Нашата Општина е збратимена со три општини во Србија и со две во Босна и Херцеговина. За среќа, тие директно не беа зафатени од уништувачките поплави во кои беа изгубени и дваесеттина човечки животи и причинета е огромна материјална штета. Сепак, за нас, во Карпош, тоа беше силен аларм. Карпош е општина на солидарноста. Карпош памети, но Карпош умее и да возврати. Токму затоа, ние бевме првата општина од цела Република која во најкритичните моменти, кога минутите значеа живот, испративме специјална единица од 15-тина луѓе за спасување на настраданите.

Имено, Карпош е единствена општина во земјата која досега (од 2010 година) формираше Единица за заштита и спасување од поплави, пожари и други природни катастрофи, и комплетно ја опреми со гумени чамци за спасување, со пумпи за исцрпување вода, со полски кревети, појаси за спасување и друга опрема. Во неа се вбројува тим на обучени лица, вработени во администрацијата, кои во секој момент може да пружат помош, каде и да е потребно во општината, но, и, како во случајов, надвор од неа. Тоа и го сторивме. Пет дена нашите луѓе спасуваа во Обреновац и оставивме силна трага во оваа хумана мисија. Згора на тоа, Општина Карпош испрати и хуманитарен конвој од најнеопходни продукти за настраданите во вода, средства за хигиена, храна и облека. Тоа беа донации од сите наши сограѓани, сите жители на Карпош, кои чувствуваа потреба и можеа да им помогнат на нашите соседи во овие исклучително тешки моменти.

Во изминатите мај и јуни, дури и Карпош и нашиот главен град беа соочени со периодични невремиња, но, сепак, минавме без посериозни последици. Тоа се должи, пред сè, на инвестициите во непосредното минато, на визијата и на вложениот труд. Карпош, со години наназад, од својот буџет инвестира во изградба на квалитетна инфраструктура и сега тоа даде видлив резултат. Додека централните подрачја од градот „пливаа“ во вода, предизвикувајќи штета на возилата и по подрумите, Карпош, со 15 километри изградена атмосферска и фекална канализација, не регистрираше никаква штета во ниту една урбана заедница.

Сепак, Општината не престана да мисли на своите граѓани. Јас, како нејзин прв човек, поттикнат од бројни поплаки, иницирав неколку средби од значење за граѓаните, во насока на јакнење на меѓуинституционалната соработка на локалната самоуправа и на јавните претпријатија на Градот и полицијата. Отворивме многу прашања и нерешени проблеми: безбедноста на карпошани, јавниот ред и мир, почитувањето на сообраќајните прописи, разбојништвата, потребата од квалитетно водоснабдување, заедничката грижа за зеленилото.

Карпош отсекогаш бил конструктивен партнер во таа насока и секоја соработка, која ќе им биде добредојдена на граѓаните за поквалитетен живот, широкоградо ќе ја прифатиме.

Помина уште една учебна година во десетте основни училишта во општина Карпош. Убеден сум дека беше успешна и со многу петки и стекнато знаење. На сите ученици им го честитам крајот на учебната година и им посакувам убав и заслужен летен одмор.

Вашиот градоначалник, Стевчо Јакимовски

Спасувачите на Карпош во поплавениот Обреновац

МЕЃУ СОЛЗИТЕ И БЛАГОДАРНОСТА

И во најтешките моменти од несреќата, жителите на Обреновац секогаш имаа збор на благодарност за нас, велат спасувачите од Карпош

„Што му згрешивме на Господа?“, беше најчестата реченица што ја слушавме во очајниот плач на мажите и на жените од Обреновац, додека ги внесувавме во чамците, а потоа ги товаревме на воените камиони за безбедно да ги извлечеме од сенишниот град. Ова се првите сеќавања на нашите храбри карпошани, 15-членот тим обучени административци кои се членови на Единицата за заштита и спасување на Општина Карпош, која меѓу првите се најде во средиштето на поплавите во соседна Србија. Таа цели четири години успешно функционира кај нас и е единствена од ваков вид во Република Македонија. Овојпат имаше „водено крштевање“ во вистинска катастрофа.

„Сè почна на полноќ, на 16 кон 17 мај, кога телефонски ни се јави градоначалникот Стевчо Јакимовски и ни порача дека итно треба да се подготвиме и да појдеме за Обреновац. Веднаш се мобилизиравме и веќе сабота наутро бевме подготвени за поаѓање. Се придруживме на колоната спасувачи од Македонија, која со себе имаше специјални и обучени спасувачи од армијата, полицијата и од Центарот за управување на кризи и со полициска придружба од Србија бевме однесени до загрозениот Обреновац„, вели Раде Мицковски, началник на Општинскиот штаб за заштита и спасување.

Според него, првичната глетка била страотна. „Повеќе од 90 проценти од Обреновац беше под вода, а самиот град од преку 22.000 жители беше морничаво празен и веќе евакуиран. Останале само оние жители кои одбиле евакуација од кои било причини или кои се засолниле на повисоките катови од градите. Веднаш ни кажаа дека веќе има повеќе од 15 мртви, бројка што од ден на ден се зголемуваше и стаса до 25, ако не и повеќе. Тоа биле луѓе кои се затекнале по подрумите, по недостапни простории и делови и кои несреќата буквално ги затекнала без шанса и да побараат помош“, раскажува Мицковски.

Голготата на Обреновац

Луѓето, вели еден од нашите спасувачи, Златко Чегар, биле „фатени“ на спиење. Водата од надојдената Колубара, река отприлика колку Вардар, надошла за петнаесетина минути откако пробила некоја брана или насип, околу 4-4.30 часот наутро. Се спасувал само гол живот. Сè друго било оставено на воденатa стихија.



„Едноставно, сè што создаваш цел живот, сите напори, мачење, инвестиции, сè ти снемува во само неколку мига“, вели Чегар, па додава: „Сретнав еден човек кој со многу тага и чемер во гласот ми се исповедаше: „Ми пропаднаа сите машини. Сè што инвестирав во сервисот за возила, околу 50.000 евра. Сè остана таму...“.

А таму, во урнисаниот град, вели началникот на Општинскиот штаб за заштита и спасување, речиси не остана ниту едно возило. „Сè беше уништено или од водата или од амфибиите кои подоцна влегоа и буквално ги прегазуваа возилата за да се дојде час поскоро до некој „заглавен“ и беспомошен. Приоритет беа луѓето. Дури и нам ни се случи веќе вториот ден во големите води да ни „зариба“ камионот на кој ни беа товарени чамците за спасување, па моравме да го влечеме и да го засолниме на сигурно. Останавме да помагаме со чамците, да евакуираме луѓе, да испумпуваме вода и да ги прехрануваме домашните животни кои сопствениците во паника ги оставиле. Беше необјасниво напорно, но издржавме. Еден наш колега, Петре, дури и го повреди рамото кога префрлавме луѓе од чамците во камиони. Сепак, не се штедевме. Во такви моменти ретко кој мисли на себе. Не мислеа дури ни настраданите. Во таква мака секогаш наоѓаа збор за благодарност, и тоа онаа искрена, од срце и со солзи во очите. „Хвала вам браќо Македонци, ово Вам никада нећемо заборавити“, им беше речиси секој втор збор“, вели Мицковски.

Ваква природна катастрофа, додава тој, според кажувањата и на најстарите жители на Обреновац, градот не памети повеќе од 130 години. „Имаше спасувачи од секаде. Не јадевме редовно, спиевме во извонредно тешки услови, но сепак, во такви моменти и не го забележуваш тоа. Важен беше Обреновац, кој дење го спасувавме, а ноќе беше под „карантин“, односно беше затворен град, со полициски час. Знаете, дури и во вакви екстремни ситуации се јавува криминал, се краде по куќи, по продавници. Неколку супермаркети беа буквално испразнети од луѓе кои земале продукти за да преживеат во наредните денови на неизвесност, но други крадеа за корист. Најчесто, велат упатените, тие се нечии соседи кои точно знаат каде има пари, злато, вредни работи кај комшијата. Градот го чуваше војска и полиција“.

„Кога водата почна да се повлекува, на ред беше другата несреќа. Имаше многу удавени животни, добиток и низ градот се шириле страшна реа. Се закануваше опасност од зараза, од хепатит, дизентерија, дури се спомнуваше и маларија. Ние сè уште одевме и носевме храна ако не за луѓето, тогаш за животните, да преживеат додека не дојдат нивните сопственици. Кога дојдоа екипите за дезинфекција и дезинсекција, веќе се повлековме во блискиот Белград, кој е на само 30 километри од Обреновац, а потоа се вративме за Скопје“, раскажува Мицковски.

Спасување на спасувачите

Спасувачите, меѓу кои и нашите момчиња од Карпош, се храбриот дел од приказната. Но, ретко кој помислува дека и тие , како и жителите на Обреновац, беа под еднаква опасност и закана од матните и надојдени води. „Така се случи“, вели Чегар, „додека спасувавме, да дојде еден човек со моторен чамец и со паничен глас да вика: „Бегајте, доаѓа нов бран вода , попуштила браната, ќе се удавиме сите“. Ние некако не го сфативме сериозно, сепак во ваква состојба паниката е дел од несреќата и не е невидена реакција. Меѓутоа, кратко потоа дојде еден „пикап“ со спасувачи и веќе не нè прашуваа. Буквално нè набутаа во возилото и нас, и војска и полиција што се најде тука и најбрзо што може нè пренесоа на сигурно. Потоа ни кажаа дека цело време од воздухот еден хеликоптер ја надгледувал ситуацијата, (кој ние патем одвреме-навреме го гледавме) и видел дека на едно место водата го пробила насипот на Сава. За среќа, армијата што била таму, со неколку стотини врежи ја санирала состојбата и го спречила пробивот. Ако Сава се излееше, тоа ќе беше уште еден бран поплава, можеби пострашен од првиот. Ќе загиневме сите“, вели Чегар. „Сепак, сè заврши добро“.



Храбрите спасители од Карпош по петдневната голгота со водената стихија се вратија исцрпени, повредени, но сепак горди и задоволни. „Ова ќе го паметам додека сум жив“, вели Мицковски, „но сепак најмногу што ме трогна е добрината на луѓето и благодарноста што ја носеа со себе и штедро ја искажуваа во секоја пригода и по секој повод. Такви се тие луѓе, мене ми е тоа познато, уште од поранешната заедничка држава“...

Избрканите

Во тие денови, додека Единицата за спасување на Општина Карпош беше во поплавените подрачја, низ социјалните мрежи молњевито се прошири веста дека некои спасувачи од Македонија биле избркани од српска кафеана зашто биле валкани. На почетокот, при директните контакти со нив, тие не сакаа да потврдат дека било така. Не се жалеа, ниту кажуваа дека им се случило токму ним. Но, така било... „Изгладнети и уморни, во Белград побаравме кафеана каде ќе каснеме и ќе се напиеме нешто“, раскажува Мицковски. „Две девојки ни посочија една во близината и нè одведоа таму. Ние навистина бевме со калливи чизми, во спасувачките оддела и газдата не нè пушташе такви внатре. Девојките се расправаа со него и најверојатно оттаму и потекна веста на „твитер“ за однесувањето на газдата кон нас. Ние не сакавме дополнително да правиме проблеми, се повлековме и отидовме на друго место. Кога се рашири веста, дознавме дека дури тогаш газдата имал сериозни проблеми. Групи навивачи од „Партизан“ и „Ѕвезда“ му се заканувале дека ќе му ја демолираат кафеаната и дека ќе плати за таквото однесување кон некој кој дошол да им пружи помош. Потоа, газдата некако дошол до мојот телефон и стопати ми се извинуваше“, вели Мицковски.

Виолета Цветковска

ВО ЧЕКОР СО СВЕТСКИОТ ТРЕНД ЗА КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ

Проектот „Реконструкција на резиденцијални објекти“ на Одделението за заштита на животната средина при Општина Карпош, на почетокот на мај годинава беше претставен на тркалезната маса на Годишната конференција на Климатската алијанса која се одржа во Луксембург. Општина Карпош, од минатата година, е прва и засега единствена членка од Македонија и од Балканот на оваа интернационална асоцијација, а нејзин претставник годинава првпат учествуваше на годишната конференција на сите членови на алијансата. Климатската алијанса, чии членки се општини од повеќе од 50 европски земји, своето дејствување го насочува кон намалување на емисиите на стаклени гасови со тенденција за контрола на климатските промени и рационализација на употребата на енергетските извори со примена на енергетска ефикасност. Претставникот на локалната самоуправа на Карпош, како рамноправна членка на меѓународната организација, на годинашната конференција учествуваше и во креирањето на политиката на проширување на Климатската алијанса, но и во одредувањето на нејзините финансиски политики.



Конференцијата на Климатската алијанса годинава се одржа од 7 до 10 мај во Луксембург, а нејзината цел беше споделување и размена на искуствата во поглед на справувањето со климатските промени, намалувањето на емисиите на стаклени гасови и енергетската ефикасност, со акцент на тоа како локалните власти можат да придонесат во поглед на подобрување на состојбата со загадувањето и подигнување на свеста за рационализација на потрошувачката на енергија. Општина Карпош за учество на конференцијата аплицираше со проектот „Реконструкција на резиденцијални објекти“, кој беше презентиран меѓу 18 други проекти. Овој проект на Одделението за заштита на животната средина, предвидува во периодот до 2016 година, од вкупно 166 постојни објекти, 85 да бидат предмет на реконструкција, а досега реализацијата е спроведена кај шест.

Во текот на конференцијата, која се одржа во седиштето на локалната самоуправа на Луксембург, беше претставена и монетата на Климатската алијанса за која идејата е да стане платежно средство за членките на алијансата, со кое, тие би ги раздолжувале своите надминувања на границата во поглед на загадувањето. Исто така, во текот на сесиите на конференцијата, претставникот на Општина Карпош, Јованче Цветаноски, воспостави врски со останатите учесници и претставници на членките на организацијата, со што се отвораат можности за аплицирање за користење средства од фондовите на алијансата.

Л.П.К.

УШТЕ ЕДНА УСЛУГА ЗА ГРАѓАНИТЕ

Граѓаните на Општина Карпош отсега натаму, имотните листови за својот недвижен имот ќе може да ги добиваат во Општина Карпош. Имено, наместо како досега во Агенцијата за катастар на недвижности на РМ, потребните документи за сопственост на имотот, жителите кои имаат потреба за тоа, ќе може да ги добијат во Секторот за урбанизам во Општина Карпош, во барака број 2.

МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА





На иницијатива на градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, при крајот на мај се одржа работен состанок со првиот полицаец на Карпош, Роберт Петрушевски, и со директорот на ЈП „Водовод и канализација“, Бојан Василевски. На состанокот присуствуваа и секретарите на 14 урбани заедници во Карпош.

На средбата се разговараше за безбедносната состојба во Карпош, при што, секретарите на урбаните заедници го изразија револтот на граѓаните од неактивноста и од слабите резултати на полето на превенцијата и откривањето кражби и разбојништва низ општината. Според нивните изјави, во одделни урбани заедници, речиси да нема куќа која не била цел на разбојници и на крадци во изминативе години. Во разговорите беше посочено дека станува збор за 10-15 разбојнички групи од не повеќе од 50 лица, и на чие криминално дејствување час поскоро треба да му се стави крај. Околу проблемот со обезбедување јавен ред и мир, секретарите на урбаните заедници од Карпош точно ги посочија местата каде во раните утрински часови одредени групи буквално „дивеат“ и го вознемируваат населението. Бидејќи се наоѓаме во пресрет на летните одмори, договорено е да се преземат поенергични мерки против прекршителите на јавниот ред и мир за да им се врати мирот на граѓаните.

Во доменот на сообраќајот, на средбата е констатирано дека учесниците во него, особено возачите на автомобили и на мотори, често ги кршат сообраќајните прописи. Притоа, или возат во спротивен правец или не го почитуваат ограничувањето на дозволената брзина, особено на пешачките премини и на премините покрај училиштата. Посебен акцент беше ставен на Кејот на Вардар, каде возењето мопеди и мотори по пешачката патека стана практика со што се загрозува и животот на рекреативците. На средбата беше договорено полицијата да го зголеми присуството во овој дел на општината и да преземе соодветни законски постапки да се санкционира ваквото однесување. Исто така, констатирано е дека во континуитет се оштетува државниот и општинскиот имот, особено урбаната опрема, и од полицијата е побарано час поскоро да се идентификуваат и да се санкционираат прекршителите.

На состанокот беше искажана максимална поддршка за полицијата во поглед на превентивното влијание врз адолесцентите, за да се обезбеди подолгорочен мир и безбедно живеење во општината.

Работната средба, покрај тоа, опфати и теми кои се однесуваат на подобрување на водоснабдувањето. Во тој поглед, од Општина Карпош е побарано, во иднина, во рок од 15 дена по отстранување на дефектите од страна на „Водовод и канализација“, да се вратат улиците и тротоарите во првобитна состојба. Што се однесува до инвестиционите зафати што Општина Карпош ги планира на своја територија заедно со Јавното претпријатие „Водовод и канализација“, беше констатирано дека приоритетно ќе биде подобрувањето на водоснабдувањето на граѓаните за кои тоа е реален проблем. Конкретно, станува збор за Средно Нерези и за високите делови на Козле, како и за населбите Трнодол, Жданец и за улицата Леринска. Во таа насока, договорено е на 1 јули да почне и реконструкција на водоводната мрежа во населбата Криви Дол (кај Меана Б), за и во овој дел да биде решен проблемот со водоснабдувањето.

В.Ц.

РОМИТЕ ОД КАРПОШ ГО ОДБЕЛЕЖАА ЃУРЃОВДЕН

На полна трпеза и со пригодна музичка програма, во организација на Одделението за детска, социјална и здравствена заштита при Општина Карпош, жителите на нашата општина од ромска националност во традиционален дух го испратија Ѓурѓовден. На манифестацијата, која се одржува третпат, со своето присуство ги почести градоначалникот Стевчо Јакимовски, за кого учениците од ООУ „Аврам Писевски“ подготвија и музичка точка.

- Секогаш да го испраќаме Ѓурѓовден во слога, разбирање, добро здравје и за бериќет, не само за припадниците на ромската националност, кои најоригинално го слават Ѓурѓовден, туку и за сите жители на Карпош и на Македонија. Се потрудивме сите граѓани да се чувствуваат достоинствено, со тоа и граѓаните од Злокуќани, а посебно жителите од ромска припадност. Како локална самоуправа, даваме поддршка на сите проекти, како и помош на социјално загрозените семејства. Помагаме во делот на инфраструктурата, во образованието и сметам дека една локална власт треба да се однесува одговорно кон своите граѓани – истакна во својот поздрав до славениците, градоначалникот Јакимовски. На оваа празнична манифестација поканети беа и претставници од невладините организации „Монтесори“ и „Лил“, кои во соработка со Општината, даваат голема поддршка во социјалната едукација и згрижување на децата од овој дел од Карпош. Од страна на Општина Карпош, беа поставени штандови на кои на присутните граѓани им се делеа пакети со храна и пијалоци.

М.Г.




ПРЕНАСОЧЕН ПАТОТ КОН ГОРНО НЕРЕЗИ

Поради реконструкција и санација на патот за Горно Нерези (втора фаза), од 24 мај годинава (сабота), сообраќајот кон ова населено место е пренасочен. Во согласност со решението за привремен режим на сообраќај издадено од Град Скопје, сообраќајот се одвива по алтернативен пристап во должина од 1.400 метри и тоа од делот каде е завршена првата фаза на патот (од ул. Козле до 3 километри далечина), од десна страна, до населеното место Горно Нерези. Граѓаните кои живеат на дел од патот кој се реконструира, привремено се пропуштаат од страна на изведувачот на градежните работи. Инаку, градежните работи, кои ги изведува АД „Бетон“, се предвидува да траат до последната недела од јуни.



ЧУМУ ЕКСТЕРНО ТЕСТИРАЊЕ?



Д-р Татјана Стојаноска Иванова
Институт за социологија
Филозофски факултет - Скопје

Образованието е столб на секое општество и од него зависи какви личности ќе се изградат и ќе дејствуваат во општеството. Во рамките на образованието, на сите негови нивоа, кај младите се вткајуваат образовно-сознајни вредности и морални норми, кои се основа за нивно егзистирање и дејствување во општествениот тек. За да се изгради здрава и квалитетно образувана младина, неопходно е образовниот систем да биде поставен на здрави темели и да има база што ќе го обединува сето она што е суштествено за понатамошна образовна надградба. Тоа подразбира квалитетни курикулуми на сите нивоа, прилагодување на образовните програми со европските и одење во чекор со времето. Поаѓајќи од овие постулати, едно од клучните прашања, кое е срж на секој образовен дискурс, се реформите во сферата на образованието.

Прашањето дали се потребни континуирани реформи е дегутантно, бидејќи без реформи во образованието нема да се постигне промена и соодветен прогрес, но дискутабилно е друго прашање, а тоа е прашањето за видот на реформите и за начинот на кој тие се етаблираат и се спроведуваат. Она што деновиве ја тишти и ја разбранува македонската јавност е воведувањето екстерно оценување. Секој добронамерник, кој се грижи за идните генерации, се испитува себеси, но и дебатира со своите блиски, прашува и се консултира за потребата од воведување на екстерното тестирање. Со право постојат низа нејаснотии поврзани со него и сето тоа, како една недоволно разјаснета идеја и теза, лебди во воздух и ги изнедрува прашањата: Колку екстерното тестирање е неопходно? Дали се спроведува во согласност со правилата? Дали е постигната суштинската цел? Дали приоритетна реформа за прогрес е воведувањето екстерни испити? И, конечно, дали е тоа вистинскиот механизам со кој ќе се испитаат знаењата на учениците и веродостојноста на оценките дадени од наставникот?

Како социолог и методичар кој со години работи на полето на образованието, како едукатор и толкувач на феноменот образование, без лажна скромност, ќе го формулирам мојот став малку реторички, со прашање: Чуму екстерно тестирање? Лично сметам, секако во Диркемовски стил, аргументирано, бидејќи за мене фактите се закон, дека екстерното тестирање не ги даде соодветните резултати и не ја постигна целта која беше првенствено нотирана. На сите прашања кои претходно ги споменав, одговорите се далеку од позитивни, напротив, општиот впечаток кај мнозинството е дека екстерното повеќе обременува, отколку што облагородува.

Аргументите и фактите кои говорат во корист на мојот став се следни: Образованието е континуиран процес, а не ад-хок и кампањска солуција, што значи, знаењето треба во континуитет да се надградува. Со самото екстерно тестирање, се дава можност за само неколку дена да се научи одреден фонд на прашања и да се постигне солиден резултат, што апсолутно се коси со континуитетот и со одржливоста на знаењето. Образованието е активност која подразбира следење на наставата, активно учество во неа, интеракција меѓу професор и ученик, редовност, а сето тоа не оди рака под рака со екстерното тестирање. Целта на образовната реформа е да се постигне напредок, а екстерното тестирање не ја оправдува таа цел бидејќи прашањата се обемни, недоволно јасно поставени, некои имплицираат погрешни одговори, други се двосмислени. За секоја реформа се прави пилот-програма и се ангажираат експерти од соодветната област, кои се признати и познати во научно-интелектуалниот хабитус, и сите тие треба да бидат консултирани и да се отвори една плодна научна дебата во која ќе се изложат аргументи „про и контра“ екстерното тестирање и на крај да се донесе конклузија. Во самите појаснувања на екстерното тестирање, не се доволно појаснети компетенциите што ќе произлезат од ваквиот начин на проверка на знаењето. Постојат пософистицирани начини и методи да се испита и да се провери валидноста на оценувањето на професорот, бидејќи не може само со еден тест да мерите дали тој совесно и во склад со моралните скрупули си ја врши својата дејност. Доколку има, општествена корист е социолошки валидна реформа, а во овој случај не се јасно прецизирани ниту индивидуалниот бенефит, ниту општествениот. Дел од младите се блокираат токму кога се изложени на јавно испитување и кога се набљудувани и во тој случај се под континуиран стрес.

Навистина, ова се само дел од аргументите кои „држат вода“ и преку кои јас го искажувам мојот негативен став за екстерното тестирање. Мојот апел е следен: Со образованието не смее да се експериментира и не смее да се импровизира. Секоја генерација е вредна сама за себе и сама по себе и ниту една не смее да биде ставена на забот на времето и образовно унакажана. Квалитетно образувана младина, која ќе ги следи современите општествени текови, ќе придонесе за просперитетот на општеството во кое живее и битисува.

КАРПОШ ПОДГОТВЕН ДА СЕ СООЧИ СО НЕВРЕМЕ

Поради можноста и Карпош да биде зафатен од обилни врнежи, кои предизвикаа сериозни проблеми во земјите од соседството, Општината презеде низа активности како превенција за евентуалните последици од неповолните временските услови. Затоа, минатиов месец се концентриравме на тоа фекалната и атмосферската канализациска мрежа да бидат во состојба успешно да ги амортизираат несаканите ефекти од обилните дождови кои се очекуваат и во наредниот период... Сепак, работевме и други нешта. Така, не пример, плоштадот во Влае е сосема при крај, но овојпат не споделуваме фотографии оттаму... Тоа нека биде мало изненадување...



Фирмата „Бетон“ асфалтираше дел од паркиралиштето зад зградата број 1 на улицата Рузвелтова и зградите 15, 17 и 19 на улицата Јуриј Гагарин



Фирмата „Бојта инг“ ги замени сообраќајните знаци на кружниот тек на улицата Париска во Тафталиџе 1



Фирмата „Енергомонтажа“ ја реконструираше фекалната канализација на улицата Руѓер Бошковиќ во Карпош 2



Во Влае 2, беше реконструирана шахта на улицата Пресека. Зафатот го изведе „Енергомонтажа“



Во Карпош 3, „Енергомонтажа“ реконструираше еден сливник на улицата Радика

7
Fast Food
Карпош
30 90 030
Центар 32 11 914
Аеродром 24 47 774
Скара 7 32 24 000

HOTEL MRAMOR®
HOME AWAY FROM HOME®
tel./fax : +389 2 2044-528, gsm: +389 70/78 226 663
11, Klenoec – 1000 Skopje, R. Macedonia
info@mramor.com.mk
PLEASE VISIT OUR WEBSITE: WWW.HOTELMRAMOR.COM

Јани Беака на највисоката точка на јужната хемисфера

ДВАЕСЕТ МИНУТИ НА ВРВОТ НА АНДИТЕ

Разбирањето и финансиската поддршка што ја добив од Општина Карпош многу ми значи и потврдува дека сепак има луѓе кои веруваат во спортот како еден од здравите начини за развој на нашите помлади генерации



● **Што значи да се освои Аконкагва и дали освојувањето на највисокиот врв во Јужна Америка е Ваш прв планинарски подвиг?**

- Пред да почнам, би го преформулирал поимот освојување, бидејќи, пред сè, планината е таа што освојува, ме освои мене, а мислам дека ниедна планина не може да се смета за освоена, туку само дека планината тој ден се отворила за вас, дозволила да достигнете до нејзиниот врв и да уживате во величествениот поглед од нејзината највисока точка. Аконкагва не е мој прв чекор кон поголеми височини, туку само едно скалило погоре во однос на претходно достигнатите Монт Блан (4.810 метри) и Килиманџаро (5.895метри), бидејќи сметам дека за да се достигнат повисоки врвови, потребно е организмот да се тестира постепено, а, секако, секоја експедиција е едно искуство повеќе кое ги зголемува вашите шанси за успех и преживување во суровите услови на повисоките планини. Аконкагва со своите 6.962 метри е највисок врв во Јужна Америка и се наоѓа на Андите, масив кој се протега во правец север-југ. Тој претставува природна бариера на која се прекршуваат влијанијата на Атлантикот и на Пацификот. Мислам дека баш затоа таму има толку силни ветрови кои се најголем непријател на планинарите. Покрај ветровите, предизвик на патот кон врвот претставува и реткиот кислород, кој поради специфичната местоположба и сувата клима, е со пониска концентрација и притисок и затоа е потребно да се изведе правилна аклиматизација за да може организмот да се адаптира на условите.

● **Како се подготвувавте за овој подвиг и каде сè Ве одведе ова патешествие?**

- Подготовки, во класична смисла на зборот немав, но она што е моја рутина беше доволно за да можам да го достигнам врвот. Тоа значи секој слободен викенд да се помине на нашите планини, кои се прекрасни и кои со своите разноличности претставуваат добра подготовка за поголеми предизвици. Да се стигне до подалечна дестинација и притоа да се организира експедиција од Република Македонија, претставува предизвик бидејќи живееме во мала и сиромашна земја, но благодарение на интернетот и несебичното делење искуства, сè станува поедноставно. Ова е мој втор обид да се искачам на Аконкагва и, исто како лани (кога го пребродив предизвикот сам на експедиција на нов континент), тргнав сам, со авион преку Софија, Лондон, Буенос Аирес до Мендоза, градот од каде тргнуваат сите експедиции и каде се вадат неопходните дозволи за да се влезе во Националниот парк на Аконкагва и, се разбира, да се тргне кон врвот. Мендоза е прекрасно, мирно место, кое е административен центар на поголема област, а е карактеристично по производството на вино (една од деветте вински престолнини на светот) и на маслиново масло. Та-

му бев пречекан од претставниците на агенцијата „Ланко“, која беше моја логистика и со чија помош ги извадив потребните дозволи. Покрај тоа, во Мендоза докупив дехидрирана храна и гас за горилниците. Откога беа завршени подготовките, ја напуштивме Мендоза и се упативме по рутата 7 кон аргентинско-чилеанската граница, во чија непосредна близина се наоѓа Аконкагва. Првата станица ни беше пренокиштето во скијачкиот центар Пенитентес, кој се наоѓа на 2.500 метри и од каде се прават првите висински подготовки. Наредниот ден се упатив до Круз де Кања, еден од повисоките околни врвови и на искачувањето бев придружуван од мал црн пес, кој сите во пренокиштето го храневме и од кој бевме восхитени зашто успеа да се искачи дотаму. Пренокиштето претставува и место на кое ја разделувате својата опрема на таква што ќе ја понесете со себе до главниот базен камп Плаца де Мулас и на таква што ќе Ви биде донесена со мазги (мулиња) до истиот камп.

На 1 февруари почна официјалниот дел од експедицијата со службената заверка на дозволите на влезот од паркот од страна на официјалните лица, кои притоа Ви издаваат и кеси за смет со бројот на лиценцата, а се со цел да го заштитат паркот од загадување, особено над базните кампови каде ја нема логистиката на локалните компании.

Тие кеси при враќање од повисоките кампови треба да ги декларирате пред карабинерите и доколку тоа не го направите, подлежите на финансиски санкции.

Влезот е од страната на селото Пуенте дел Инка, на околу 2.750 метри и оттаму се тргнува кон првиот камп, Конфлуенсија, на 3.380 метри, каде преспав две ноќи.

Од овој камп натаму се двојат два пата: едниот води по класичната северна рута кон Плаца де Мулас, а другиот, кон јужната страна на планината, каде се пружа спектакуларен поглед на т.н. Полски глечер, по кој се искачуваат алпинистите и претставува вертикален sид од 3.000 метри, на чија круна се наоѓаат главниот северен врв, но и визуелно поатрактивниот јужен врв.

Искористивме цел еден ден да дојдеме до подножјето и да уживаме во спектакуларните глетки на грандиозни санти мраз,а потоа продолживме кон главниот базен камп, Плаца де Мулас. Патот дотаму поминува низ долината на реката Хорконес, опкружена со високи масиви во различни бои, во зависност од минералот што доминира во подлогата. Истовремено, тоа е долг пат низ сува и прашлива долина, кој води до камп на 4.370 метри. Таму, пак, по еднодневен одмор, почнува главниот план за аклиматизација, што се состои во тоа да одите повеќепати до погорните кампови, да преспиете таму и да слезете во базниот камп. Сето тоа е за телото да има доволно време да се адаптира на атипичните услови.

Морам да напоменам дека не бев единствен кој тргнал сам на оваа планина и дека во меѓувреме се здружив со Михаил од Варшава (Полска) и решивме заедно да ја делиме нашата логистика на повисоките кампови за да не се дуплираме со опрема и да носиме непотребен товар.

Потоа следуваа неколку денови пешачење до повисоките кампови Нидо де Кондорес и Колера и назад. Во кампот ја поставивме нашата опрема и се спуштивме во главниот камп, во исчекување на добра временска прогноза. „Денот Д“ беше 12 февруари. Навистина беше идеален за искачување кон врвот!

Тргнавме во 5 часот изутрина, од кампот Колера на 6.000метри, на минус 20 Целзиусови степени, во темница, во колона со челни лампи, полека, со бавен чекор, воспоставувајќи баланс меѓу чекорот и дишењето бидејќи тоа е суштински важно. Полека, како што напредувавме, се насетуваа мугрите и изгрејсонцето, а веќе на Плаца Индепеденциа, на 6.350 метри, нè огреа првото убаво сонце.

Од Индепеденциа, поставивме дерези (крампони) на чизмите и преку делот наречен Траверза се упативме кон кулоарот Каналета, кој е последно скалило и искушение до главната награда. Каналета е, всушност, кулоар од нестабилна мешавина на големи камења, снег и ронлива земја, што претставува опасност особено при слегувањето,

кога поради умор и пад на концентрација се случуваат немили настани, како што беше и тој ден, но, за среќа, без фатални последици.

По повеќе од десетина часа, конечно дојдов до врвот од каде, кога ќе погледнете наоколу, се гледаат фасцинантни врвови и масиви, но сите тие се под вас. Престојот на врвот не траеше повеќе од 20 минути, доволни да се направат неколку фотографии и да се ужива во погледот. Знаејќи дека ме чека пат назад, морав со сигурен и брз чекор да слезам пред зајдисонце во кампот Колера.

- **Највпечатливиот момент од патувањето?**

Некако се подразбира дека највпечатлив момент е самото стапнување на платото на врвот и клекнувањето до крстот кој е обележје на овој врв, кога по долгочасовна физичка, а пред сè психичка борба, доаѓа до наплив од емоции кои треба да се доживеат, бидејќи јас не можам да најдам доволно добри зборови кои тоа можат да го опишат.

- **Која е Вашата следна дестинација?**

Како и на многумина, и мене ми е сон да се искачам на покривот на нашата планета. Се надевам дека ќе успеам да соберам доволно финансиски средства за да ги реализирам мечтите во некоја од наредните сезони.

- **Ви значеше ли поддршката од Општина Карпош?**

Знаете дека живееме во една скромна, да не речам сиромашна земја, каде да се издвојат средства за остварување на ваков сон претставува луксуз. Затоа можам со цело срце да кажам дека разбирањето и финансиската поддршка што ја добив од Општина Карпош, на чело со господинот Стевчо Јакимовски, многу ми значи и потврдува дека, сепак, има луѓе кои веруваат во спортот како еден од здравите начини за развој на нашите помлади генерации.

Лилјана Петрушевска-Кочовска

УМЕТНИЧКА НОЌ ВО КАРПОШ

Општина Карпош и Одделението за спорт и култура при Општината, првпат го одбележаа европскиот настан „Ноќ на музеите“. На оваа голема манифестација, која во иднина се стреми да прерасне во традиционална, присуствуваа шеснаесет врвни уметнички таленти и тоа: Денис Тенев, Урош Вељковиќ, Мишо Вењковиќ, Марија Светиева, Дијана Томиќ, Симонида Филипова-Китановска, Касиопеја Наумовска, Тања Таневска, Маја Танева, Ангелина Поповска, Анета Ивановска, Благојче Наумовски-Бане, Јовица Михајловиќ, Андријана Мациев, Марија Петкова и Ивана Младеновска, кои својата инспирација ја истакнаа во сликарските дела преку неколку ликовни техники како туш, акварел, пастел, јаглен, акрил и многу други. Претставничката од Општина Карпош, уметницата Марија Светиева, им се заблагодари на учесниците и додаде дека цртежот е посебно средство преку кое се изразува карактерот на уметникот. По заедничката дружба на уметниците и на сите љубители на ликовните дела, следуваше изложба на која можеше да се види уметничкиот дух како израз на индивидуалната инспирација. Манифестацијата, придружена со коктел и со пригодна музика, заврши со доделување благодарници за учеството на големите уметници, а нив ги подели советникот Горан Михајлов и Марија Светиева.

М.Г.



„СВ. ПАНТЕЛЕЈМОН 2014“ ДОБИ МЕЃУНАРОДЕН КАРАКТЕР


Традиционалната детска ликовна колонија „Св. Пантелејмон“, која заеднички ја организираат Општина Карпош и Детскиот ликовен центар, годинава ќе има поширок меѓународен карактер. На иницијатива на членот на Советот на Општина Карпош и претседател на Комисијата за јавни дејности, образование и социјална заштита, проф. д-р Зоран Поповски, и стручниот секретар на Детскиот ликовен центар, Харалампие Манчев, месецов се одржа координативен состанок за оваа голема ликовна манифестација. За Детската ликовна колонија повторно да го врати регионалниот карактер, во Општина Карпош дојдоа претставници од две амбасади, секретарот на Амбасадата на Црна Гора, Данило Брајовиќ, и секретарот на Амбасадата на Србија, г-ѓа Деана Цукиќ, како и директорот на Бугарскиот културно-информативен центар во Република Македонија, Димитар Христов. Во сите овие три држави Општина Карпош има збратимени општини, и тоа Тиват во Црна Гора, Нови Београд, Сремски Карловци и Врњачка бања во Србија и Тријадица во Софија-Бугарија. Освен тоа, локалната самоуправа од Карпош е збратимена со општините Стари Град – Сараево и Травник - БИХ, од каде се очекува присуство на учениците од овие две општини. Заеднички е договорено младите сликарски таленти од основните и средни училишта од овие општини, во придружба на еден ликовен педагог, да бидат гости во септември на осмата по ред ликовна колонија „Св. Пантелејмон“. Освен традиционалната ликовна колонија, се планира да биде организирана и работилница, на која децата ќе се запознаваат со употреба на разни нови и креативни сликарски техники, а за гостите од другите земји е предвидено и запознавање со културните и туристичките знаменитости на Карпош и на Скопје.

И.Ѓ.









IDF - SKOPJE - МОЌТА НА ТАНЦОТ

Општина Карпош, уште еднаш, како домаќин, имаше можност да ја покаже големата магија на танцот за сите намерници и љубители на занесната игра. Четвртиот Интернационален танц-фестивал (International dance festival – IDF - Skopje), што се одржа во Спортско рекреативниот центар „Форца“, беше извонреден спој на фантастична музика и волшебни кореографии, кои на големо ја славеа моќта на танцот да ги исполни гледачите со позитивна енергија и емоции. Во организација на танцовото студио „Ребис“ и финансиски поддржан од Општина Карпош и од Министерството за култура, овој веќе традиционален настан на едно место собра повеќе од 1.000 танчери и речиси 25 танцови студија и школи од земјава и од странство, а опфати 140 танцови точки. Со прекрасни кореографии во 30 различни видови танц, учесниците се натпреваруваа според возраста, во четири категории. Четиричленото меѓународно жири имаше навистина тешка задача да ги одбере 30-те најдобри, кои беа наградени со пехари, а во секоја категорија, со медали, беа наградени и освојувачите на првите три места. Покрај тоа, сите натпреварувачи добија и благодарници за учеството. Круна на целодневниот натпревар беше вечерниот гала-концерт, на кој настапија токму најдобрите во сите категории, на големо задоволство на публиката, која до последното седиште ја исполни спортската сала.

- Целта на ова натпреварување е, пред сè, меѓусебната дружба на танчерите, нивното поврзување и можност за нивна соработка. Но, покрај тоа, Интернационалниот танц-фестивал е своевиден простор и за нивна промоција зашто дипломите, медалите и пехарите што овде ги стекнаа се интернационално признати, токму како и самиот натпревар, кој е одобрен од Европската танцова федерација. Се разбира, тенденцијата на организацијата на овој настан е да обезбеди и уживање за публиката, зашто неоспорно е дека магијата на танцот е нешто што навистина понесува – вели организаторот на настанот, Амел Амед, и додава дека очекува в година, петтиот јубилеен фестивал да биде уште поуспешен и во Скопје да донесе повеќе од 2.000 танчери.

Л.П.К.

ОДБЕЛЕЖАН ПРАЗНИКОТ НА ПРОСВЕТИТЕЛИТЕ

Во организација на Општина Карпош и Одделението за спорт и култура при Општината, во Кинотеката на Македонија беше одбележан големиот празник Св. Кирил и Методиј со ликовна и поетска вечер. Околу петнаесетина ликовни уметници се претставија со слики, скулптури и графики, а вечерта беше зачинета со пријатни поетски стихови од поетите Роза Василевска, Вера Симовска, Виолета Сековска, Татијана Дуцкиновска-Петреска, Филип Клетников и Душко Кралевски. Во рамките на изложбата, отецот Ивица Тодоров пред присутните го посочи значењето на прославувањето на големиот празник Св. Кирил и Методиј и сесловенството, а во пријатните звуци од музичкиот хор „Смирна“ можеа да уживаат љубителите на уметноста и на безвременските поетски стихови.

М.Г.



„ФОЛКЛОРНА ФАНТАЗИЈА” ИСПЛЕТЕНА СО ПРОЛЕТЕН ПОВАРДАРЕЦ

Со извонреден сплет од балкански народни танци, на кејот на реката Вардар, се одржа четвртиот по ред Меѓународен детски фолклорен фестивал „Разиграни фолклористи“. Ансамблот за народни песни и ора „Фолклорна фантазија“, во соработка со Општина Карпош, уште еднаш успешно ја организира оваа веќе традиционална манифестација, чија цел е негувањето и продолжувањето на вековните традиции со нивно всадување во интересите на најмладите генерации. Годинава на фестивалот учество зедоа ансамбли од земјава, од Србија, Црна Гора и од Босна и Херцеговина. Манифестацијата свечено ја отворија најмладите карпошани, децата од градинките на територијата на Општината кои се ученици на фолклорната школа. Многу насмевки и силен аплауз го засведочија нивниот беспрекорен настап, а по нив, свои настапи во рамките на свечената програма остварија и КУЗ „Фолклористи“ од Крива Паланка, Ансамблот „Никола Јонков Вапцаров“, КУД „Рудар“ од Одугљевиќ – Босна и Херцеговина, ФА „Бучим“ од Радовиш, Ансамблот „Кочо Рацин“, КУД „Карпош“ од Куманово, КУД „Ѓеновиќи“ од Херцег Нови – Црна Гора, ФА „Тиквеш“ од Кавадарци, Ансамбл „Фолклорни бисери“, ЦЕМФ „Митеви“, Фолклорниот ансамбл при Домот на културата од Пријеполје – Србија и КУД „Григор Прличев“.

Л.П.К.

Карпош Комуницира

ИНТЕРНЕТ

Општина Карпош shared a photo.

НОВАТА КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА ГО СПАСИ КАРПОШ ОД НЕВРЕМЕТО

26 May 2014 at 11:26

Градоначалникот на општина Карпош Стевчо Јакимовски, денес рано наутро одржа состанок со секретарите на сите 14 урбани и месни заедници на територијата на Општина Карпош со цел да се види состојбата на терен по синоќешното силно невреме кое го зафати Скопје и евентуално направените штети.

Освен на мал дел од дваесеттина метри, кај Мостот Влајко и амбулантата во Влае 1, на територијата на Општина Карпош никаде не дојде до затнување на атмосферската и фекална канализација од обилните врнежи.

Ваквата состојба првенствено се должи на фактот што во изминатите четири години Општина Карпош вложи огромни средства во изградба на канализационата мрежа во должина од 15 километри, што се покажа од суштинско значење во вакви моменти.

Треска Приroda Најака opstina bravooo

Dragan Beli Ugrinovski EPA ZATOA KARPOS E NAJ DOBRATA OPSTINA VO MAKEDONIJA....NA VREME SI MISLIME ZA MOZNITE PROBLEMI

Донирајте и понатаму, вашата помош им е најпотребна.
Донирајте на 143 400 #HelpSerbiaBosnaandCroatia



Lule Lule BRAVO ZA OPSTINA KARPOS I HUMANITE ZITELI NA KAPOS

Seat Nocna Ptica bravo karposhani samo napred.

гцб. @Gogooow · Apr 28
Изгубен во КОЗЛЕ во близина на ОУ ВЛАДО ТАСЕВСКИ СИНИ ОЧИ, стар 2 години носи сино ремче се одзива на името АЛЕКС



Opstina Karpos @OpstinaKarpos · Apr 29
@Gogooow на facebook ни пишаа бидејќи ја ширевме сликава од кученцево

гцб. @Gogooow · Apr 29
@OpstinaKarpos фала многу, веќе е на пат накај дома Алекс ;) фала за трудот уште еднаш :)







Новоградба – вселиви мај 2014
Слободни станови: 49м2, 65м2, 78м2
Секој стан е со паркинг место
Приземјето одговара за деловен простор: канцеларии, ординации, амбуланта
Локација: Н. Козле, спроти студентски дом "Гоце Делчев"

Инвеститор Лубриком
e-mail: lubrikom@t-home.mk
Тел: 070 204 457

На улицата Руѓер Бошковиќ во Карпош 2

КАТЧЕ ЗА СОСЕДСКА ДРУЖБА



Зградата со број 13 на улицата Руѓер Бошковиќ во Карпош 2 е особена не по својата фасада или архитектонска изведба, туку по тоа што има своја убава градина. Тоа е благодарение на Душанка и на Чедомир Младеновиќ, кои самоиницијативно, на сопствен трошок, но и на свое огромно задоволство, секојдневно го вложуваат својот труд и слободното време за да го облагородат овој простор.

- Со согласност од состанарите од нашиот влез, ние самите го средивме ова катче за сите да имаат можност да уживаат. Ние сме стари, но, ете, колку можеме – толку, се трудиме да го одржуваме убаво ова местенце само за мерак и за ништо друго – ни вели домаќинката баба Душанка, која нè пречека на балконот. Таму, пак, цвеќенца се смеат од секој агол: петунии, бегонии, разни ситни цветчиња на кои не им го знаеме ни името...

За цвеќињата се грижи таа, а зеленилото го одржува сопругот Чедомир. Но, вели Душанка, многу им помага и нивната сосетка, 25-годишната студентка Драгица Камчева.



- Баба Душанка само вели дека јас сум им помагала, а всушност, што и да фатам, таа ќе ми рече: „Остави ти, јас и дедо ти тоа ќе го средиме“ – низ смеа ни раскажува Драгица.

Заедно, тие создале мало катче за уживање. Вложиле и труд, но и средства зашто садниците треба да се купат. Потоа, вели баба Душанка, е лесно: сè што сакаат цвеќињата е водичка и љубов. А тоа воопшто не недостига. Особено кога меракот е голем. И, велат, не им е жал што сите станари го користат ова место за одмор, за дружба, за осамување, зашто убавото и треба да се сподели.

Л.П.К.

СЕ ЗА ВАШАТА ГРАДИНА
Тел. 02/ 3063 190
www.feroelektro.mk
MTD




Мартина Димовска, нежната балерина од Влае

„ЛЕБЕДОТ“ ПЛОВИ КОН НАПОЛИ

Оваа уметност бара голема посветеност, многу жртва во поглед на слободното време, но за Мартина тоа воопшто не претставува тешкотија. Таа едноставно сака да биде успешна во тоа што го прави и затоа секојдневно вежба, го дава својот максимум и вложува многу труд подготвувајќи се за секој свој настап

Една тринаесетгодишна млада дама, ученичка во општинското основно училиште „Димо Хаџи-Димов“, го заслужи вниманието на „Урбан Карпош“ со својата грациозност, убавина и извонреден талент. Таа е Мартина Димовска, нежната балерина од Влае, на која ѝ ги посветуваме овие наши страници зашто е единствена од Македонија што ќе биде директен учесник во финалето на Светскиот балетски шампионат што ќе се одржи во Наполи, Италија...

- Со балет се занимавам од шест години, од прво одделение, кога станав ученичка на балетското студио „Арт балет“. Подоцна, на 11 години, се запишав и во основното балетско училиште „Илија Николовски – Луј“ – ни раскажува Мартина и ни објаснува дека целта на паралелното посетување на двете балетски училишта е таа добро да се подготви и образованието да го продолжи во средното балетско училиште.

Покрај класичниот, учи и модерен балет, но вели дека и едниот и другиот вид ѝ се еднакво важни и интересни и дека ниту едниот ниту другиот не ги сфаќа како хоби, туку напротив, би сакала балетот, воопшто, да биде нејзина професионална определба.

Оваа уметност, меѓутоа, бара голема посветеност, многу жртва кога е во прашање слободното време, но Мартина вели дека тоа воопшто не ѝ пречи. Нејзиниот свет се врти околу огледалата, штанглата, пачката и шпиц-патиките. Околу танцот и пируетите.

Тоа го сака и во тоа е најуспешна, но, тоа никако не значи да го запостави училиштето. Затоа е одлична ученичка, истовремено, додека од срце, секојдневно вежба посветено: „пордебра“, „арабеск“, „фуете“, „жете“, го дава својот максимум и вложува многу труд подготвувајќи се за секој свој настап.

- Меѓу настапите што засекогаш ќе ги паметам, се вбројуваат моето прво соло на натпревар во Банско, Бугарија, како и настапот на натпреварот „Џовани таленти“ во Италија, каде што ја одиграв својата прва варијација – вели Мартина. Кога зборуваме за контактот со публиката, таа посочува дека соло-настапите се секако потешки зашто во нив целото внимание на присутните е насочено кон неа, а покрај тоа и нема многу простор за импровизација, ниту, пак, можност да се потпреш на соиграчи, како што тоа е вообичаено при групните настапи. Од друга страна, додава Мартина, задоволството од успешниот настап е поголемо кога сцената ѝ припаѓа само нејзе, кога и аплаузот, најголемата и најважната награда од публиката, е само за неа...

Кога сме кај наградите, во нејзината соба впечатливо место им припаѓа на нејзините признанија: многу медали, сертификати, дипломи...

- Најдраг ми е последниот успех што го постигнав во април годинава, на натпреварот „Џовани таленти“ во Наполи. Добив стипендија за двонеделна настава по балет во Бугарија, но и специјална награда од Паоло Лонди, светски признаен балетски



кореограф. Наградата што тој ми ја додели е директно учество во финалето на Светскиот шампионат што ќе се одржи во Наполи – со гордост раскажува младата балерина. Таа ни објасни дека на натпреварот секој од членовите на жири-комисијата имал можност да одбере еден натпреварувач и да му додели ваква специјална награда, а Мартина се чувствувала навистина почестена што Лонди ја избрал токму неа.

Нејзините планови за иднината неодминливо го вклучуваат балетот. Тој е толку голем дел од нејзиниот живот што таа вели дека воопшто и не размислувала да биде нешто друго освен – балерина. Имајќи ја предвид спецификата на професионализмот во оваа уметност, прашуваме со што би се занимавала ако планот со балетот не се одвива како што замислила.

- Нема план Б! Не постои такво нешто кога во прашање е балетот – децидно одговара идната примабалерина Мартина.

Лилјана Петрушевска-Кочовска


Ballet ... it's the rhythm of your life

Адреса: Никола Парапунов бр 3А
(дтц. Карпош 4)

Телефон: 075 86 99 44
www.artballet.com.mk

e-mail: tamara@artballet.com.mk
Facebook: Art Ballet - Skopje


Art Ballet
ballet school

„БРАТСТВО“ ОДБЕЛЕЖА 69 ГОДИНИ ПОСТОЕЊЕ

Веселите и разиграни основци од Општинското основно училиште „Братство“ на специфичен начин го одбележаа својот патронен празник. Помогнати од живописната костимографија кои самите ја подготвија, учениците се претставија со драматизација на „Шеќерна приказна“ од Славко Јаневски, но изведоа и неколку балетско-музички точки збогатени со нежните звуци на акустичните гитари. Сепак, највпечатлива беше кратката приредба на која учениците ги искажаа своите слободни мисли и идеи на повеќе јазици. Со овој симболичен гест, тие го истакнаа мултикултурниот карактер, кој веќе долги години е нераскинлив дел од ова основно училиште. На свеченоста присуствуваше и првиот човек на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски. За крај, основците од „Братство“ испратија силна порака до присутните: „Се почитуваме и другаруваме, без разлика на кој јазик зборуваме“.



М.Г.

МЕЃУНАРОДНО ПРИЗНАНИЕ ЗА МЛАДИТЕ ПОЛИТИКОЛОЗИ ОД „ЛАЗО ТРПОВСКИ“

Учениците од 8б од ООУ „Лазо Трповски“, на пригодна свеченост, ја примија наградата што ја заслужија со учеството на 43. Меѓународен училиштен натпревар за политичко образование што пролетва се одржа во Бон, Германија. Наградата им ја врачи Хелга Тајпел, раководител за култура при Амбасадата на Република Германија во Македонија.

- Признанието е знак за исклучителниот ангажман на наставниците и на учениците и потврдува дека е вложено многу труд, но и дека процесот бил забавен. Тоа е и целта на оваа награда, да ви покаже дека учењето низ забава, а не напамет, е многу поефективно – им честита претставничката на германската амбасада, Тајпел, на учениците од „Лазо Трповски“ пред свеченото врачување на наградата.



Осмооделенците од ова училиште, на годинашниот Меѓународен натпревар за политичко образование што се одржува во Бон, учествуваа со проектот „Добрите и мрачните страни на глобализацијата“, под менторство на наставниците Стефан Симовски и Даниела Радевска, и добија награда за својата возрасна категорија.

- Годинашната награда претставува уште една потврда за континуитетот на осумгодишната традиција на ООУ „Лазо Трповски“ на успешни учества на овој реномиран натпревар чиј покровител е претседателот на Сојузна Република Германија, Јоахим Гаук. Имено, нашето училиште досега осумпати едноподруго учествува на натпреварот во Бон и досега има освоено осум награди – рече директорката на училиштето, Елеонора Стрезовска, упатувајќи благодарност до учениците и наставниците за нивниот ангажман, но и на Фондацијата „Фридрих Еберт” за поддршката. Според стручното жири на натпреварот, чија одлука за наградата пред присутните гости ја прочита наставникот-ментор Стефан Симовски, проектот „Добрите и мрачните страни на глобализацијата“ на учениците од 8б од „Лазо Трповски“ има големи содржински квалитети и креативна форма“, што е само една од причините зошто е награден.

Л.П.К.

ОД КУЈНАТА НА ЏЕЈМИ ОЛИВЕР

Денот на револуција во исхраната, што го организира Фондацијата за храна на познатиот британски готвач Џејми Оливер, беше одбележан и во општина Карпош, во ООУ „Владо Тасевски“. Околу стотина ученици, по тој повод, подготвија зеленчукова палачинка „виножито“ според рецептот на светски реномираниот гастроном. Поддржан од Општина Карпош, во соработка со компанијата „Тинекс“, која ги обезбеди потребните прехранбени продукти, на настанот присуствуваа многу волонтери, наставници поддржувачи, родители и деца кои заедно станаа дел од оваа глобална иницијатива.

- Нашето училиште на територија на локалната самоуправа е првото кое се приклучува кон Денот на револуција во исхраната. Тоа го сториме заради здравјето на нашите ученици. Со овој чекор ги исполнуваме нормативите кои се пропишани од Министерството за образование и наука. Тоа подразбира водење грижа за тоа каква храна треба да има во училиштата, какви продукти треба децата да консумираат и, пред сè, влијанието врз свеста кај помладите за здравата исхрана да стане дел од нивните животни навики - истакна директорката на училиштето, Елка Даскалова. Таа објасни дека оваа практика ќе продолжи кај останатите девет училишта и градинки од општина Карпош, бидејќи според неа, свеста не се гради само во едно училиште, туку на територија на цела локална самоуправа.



За Денот на револуција во исхраната, на светско ниво, сите амбасадори, во рок од 24 часа се обидоа да влијаат глобално за промена на перцепцијата кон здравата исхрана, а рецептот на Џејми Оливер за здравата зеленчукова палачинка „виножито“ се приготвуваше во 72 земји истовремено.

И.Ѓ.



КАДЕ ПО ЗАВРШУВАЊЕТО НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ?

...Правилниот избор на средното образование е првиот чекор кон успешна професионална кариера и создавање личности кои се професионално реализирани и слободни...

СУГС „Владо Тасевски“ и АСУЦГС „Боро Петрушевски“ се две средни стручни училишта на Град Скопје кои реализираат наставни планови и програми од доменот на техничките струки и образуваат кадри кои се дефицитарни на пазарот на трудот. Секако, по завршувањето на средното образование во овие училишта, можноста за запишување во високото образование останува отворена. „Зошто сметате дека токму Вашето училиште треба да биде вистинскиот избор за продолжување на образованието на учениците кои во јуни годинава го завршуваат основното образование?“ е прашањето до вработените во овие образовни институции.

СУГС „Владо Тасевски“

Лоцирано е во општина Аеродром и во учебната 2013/14 во него се запишаа 1.394 ученици распоредени во 44 паралелки, што значи во просек помалку од 32 ученици во паралелка. Наставата во училиштето се изведува на македонски и на албански наставен јазик.

За изборот на средното образование и причините одлуката да биде токму СУГС „Владо Тасевски“, директорката на училиштето, Билјана Глигорова вели: „Најважно е што нуди училиштето како образовни профили. Во нашето училиште постојат три струки: сообраќајна, електротехничка и машинска, четиригодишно образование. Во рамките на сообраќајната струка, учениците се образуваат за техничар за транспорт и шпедиција и за машиновозач за дизел и електрични влечни возила. Во рамките на електротехничката струка, се образуваат за електротехничар за електроника и телекомуникации, како и за електромеханичар во траење од три години. Во машинската струка образовниот профил се вика машинско-енергетски техничар. Наставата ја изведува стручен кадар со соодветно образование и со постојано професионално усовршување преку



разни семинари и обуки. Со максимално професионален, одговорен и, пред сè, човечен однос, се пречекуваат сите сегашни и идни ученици, како и нивните родители. Во објект од цврста градба, со солидно опремени училници, кабинети за практична настава, спортска сала и убаво уреден школски двор, наставата се одвива непречено, а учениците се чувствуваат задоволно“.

Секако, многу важно е да се спомене и дека училиштето соработува со многу реномирани претпријатија каде што се одвива практична обука на учениците.



АСУЦГС „Боро Петрушевски“

Автосообраќајниот училишен центар на Град Скопје е лоциран е во општина Гази Баба. Во оваа учебна година таму се запишаа 1.114 ученици во 42 паралелка, па, во просек, помалку од 27 ученици учеа во една паралелка. Наставата во училиштето се изведува на македонски и на албански наставен јазик.

Во согласност со конкурсот за запишување во јавните средни училишта за учебната 2014/2015 година, АСУЦ нуди можност за запишување на 388 ученици во прва година и тоа: 228 ученици во седум паралелки со настава на македонски јазик и 160 ученици во пет паралелки со настава на албански јазик според наставните планови и програми за: сообраќајна струка (техничар за патен сообраќај, техничар за логистика и осигурување, како и ракувач со машини за пренос на материјали), машинска струка (автотехничар-мехатроничар и автомеханичар), автотехничка струка (каросериски механичар и автоелектроничар).

„Причината за запишување во нашето училиште идните средношколци ќе ја најдат во она што ние им го нудиме како современа воспитно-образовна институција. Едноставно, ние сме средно училиште во кое наставата се изведува со користење на современи наставни средства во богато опремени кабинети, а практичната настава се реализира во реални услови. Училиште во кое има развиена соработка со слични училишта надвор од нашата земја. Ова значи дека и размената на ученици со овие училишта кај нас е редовна практика“, со посебна гордост за своето училиште зборуваат професорите.

Ефтим Пејовски

САКАМ ДА БИДАМ...

Селектирај го отпадот од производите што ги користиш секој ден и фрлај го во соодветните канти за хартија, пластика, стакло или лименки.
Само ако ѝ помогнеме на амбалажата што има минато да има и иднина, ќе ја заштитиме природата.

СЕЛЕКТИРАМЕ И РЕЦИКЛИРАМЕ ЗАЕДНО!



ПАКОМАК
ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

GREEN DOT ЕКСКЛУЗИВНА ЛИЦЕНЦА НА ПАКОМАК ЗА МАКЕДОНИЈА

ТВИТЕР ХУМОР

@FStojanovski1
Најсоодветно име на државата - Маќесиодамија

@НасмеВка
Порано, прав маж чекаше покана за војска, сеа чека порачките од Авон..

@elena_tekinec
Другарките ме заебаваат што дечко ми е постар, а кога ќе земе пензија арен им е!

@JimmyFromDaHood
-Зошто не полагаш за кола?
-Немам кола
-Па што не си купиш?
-Што ќе ми е, немам положено

@Nesfaten
Follow
Ќе излезиме?
-Да.
Кое време?
-Past participle.


@Mile_Panika
Самоконтрола е да не ги пипнеш пуканките додека не ти почне филмот.

@Azhdaja
Лесно е да ја поскапиш нафтата, оди натерај го народот да не ја пие.

@The__Zorro
-Колку ви е кошулата?
-9000.
-Ауууу не ми стои.

@hasawatermark
Летово гарант иде наваму со воз на Македонски Железници.

@EStavrevska
таму каде вие гледате вирови, нарцисот гледа огледала.



Изработила: Ива Манова

Теодора Ѓуриќ, сопственичка на „Блумен енд арт“

УМЕТНИЦА НА ЦВЕЌЕТО



Натписот „Блумен енд арт“, со дискретен уметнички потпис „Теди“ под него, е првиот што ве пречекува кога влегувате во „Скопје сити мол“. Поставен веднаш над разиграните, разнобојни и фантастично аранжирани цвеќиња, тој го означува „специјалното катче“ на сопственичката на цвеќарскиот дуќан, госпоѓа Теодора Ѓуриќ или, онака како што повеќето ја знаат, Теди. И, токму како што во превод гласи името на цвеќарницата, таа е уметница на цвеќињата.

- Да се занимаваш со цвеќарство значи да имаш многу повеќе љубов кон цвеќињата отколку да очекуваш исплатливост. Се разбира дека и оваа, како и секоја друга професија, има своја приходна страна, но уживањето во тоа што го работам, спојот на уметноста со природата, е тоа што навистина ме исполнува – вели Теди.

Во нејзиното мало катче за уживање ќе видите секакви цвеќиња: саксиски егзотични билки со чудни имиња, разнобојни познати и непознати цветови, но и прекрасни аранжмани. Букетите, познатите јапонски икебани, цветните комбинации во украсни керамички садови се креации токму на вештите раце на Теодора и на нејзиното уметничко чувство да создаде извонредна цветна кохезија.

- Луѓето ги сакаат цвеќињата, сакаат некому да подарат и некој да им подари цвет. Се разбира, во зависност од пригодата, секому му излегуваме во пресрет со оригинален аранжман според желбата. Мислам дека тоа е тоа што нè прави препознатливи, па и клиентите ни се враќаат за секоја нова пригода – со гордост вели Теодора.

Таа смета дека токму тоа што секогаш ќе постојат такви моменти кога некој некому ќе подари цвеќе, ја прави оваа професија надежна. Би сакала, вели, нејзините деца да ја наследат во работата, но засега ниту синот ниту ќерката не покажуваат некој позначителен интерес за тоа. Таа, пак, смета дека има иднина во овој бизнис. Токму затоа сака нејзината цвеќарница „Блумен енд арт“ да остане препознатлива и запаметена по својата оригиналност на аранжманите и по љубовта што тука ја добиваат цвеќињата.

АЛЕРГИЈА, БОЛЕСТ НА 21 ВЕК

Што е алергија, е едно од најчестите прашања на денешницата особено затоа што таа се смета за болест на 21 век.

Алергијата е прекумерна реакција на имуниот систем на инаку не штетни материи кои ги вдишуваме, доаѓаме во контакт со нив или ги внесуваме преку храна. По контактот со тие материи, доаѓа до реакција помеѓу алергените и антителата. Антителата, кои се одговорни за настанување на алергиските реакции, припаѓаат на групата имуноглобулини Е (ИгЕ). Кога еден имуноглобулин ќе се врзе за мастоцитите, се ослободува хистамин, кој доведува до зголемена циркулација и до ширење на крвните садови, контракција на мазната мускулатура и појава на симптомите.



Предизвикувачи на алергија


Најчести алергени се: поленот од тревата, коровот и од дрвата, микрокрлежите, домашната прашина, животинските влакна, мувлата, храната, адитивите од храната и пијалаците, конзервансите, отровите од инсектите, УВ-зраците.

Најчест облик на алергија е поленската алергија, која е позната како сезонски алергиски ринит. Секој десети човек има поленска алергија. Таа е болест на горните дишни патишта и се појавува сезонски, од март до јуни, кога во воздухот се наоѓаат честичките од поленот на тревите, дрвјата и на коровите. Карактеристични симптоми се јадеж и солзење на очите, кивавица и секреција од носот.

Целогодишниот ринит е со симптоми исти како кај сезонскиот, но оваа алергија трае цела година. Најчести предизвикувачи на целогодишниот ринит се: мувлите, животинските влакна, микрокрлежите.

Дијагноза

Важна улога во дијагнозата на алергијата, покрај анамнестичките податоци и клиничката слика, се и алерготестовите кои претставуваат кожно тестирање на инхалаторни и на нутритивни алергени.



Д-р Маја Панајотовиќ-Радевска
Специјалист по медицина на трудот

Алерготестовите укажуваат на алергија на конкретниот алерген и овозможуваат креирање на вистинскиот план за лекување од страна на докторот.

Лекување

Алергијата е неизлечива, но постојат методи во лекувањето со кои може да се намали алергискиот одговор, да се намалат симптомите, а со тоа да се намали потребата од антиалергиски препарати. Најважно е да се избегнуваат алергените и изложеноста на нив. Заштитата на слузницата на носот и на очите е со помош на топични кортикостероиди кои се шприцаат во носот или се капат во очите. Доколку ова не е доволно, се употребуваат и антихистаминици. Важно е лекувањето да почне навреме и да трае до крајот на дејствувањето на алергените. Лекувањето кај поленската алергија треба да почне најмалку 15 дена пред почетокот на поленизацијата и да трае до крајот на периодот на поленизација. Важни се и хигиенските навики, односно



потребно е одржување на оптимална телесна тежина, слободното време да се користи за релаксација и за рекреација, што почесто да се престојува на планина, на надморска висина поголема од 1.000 метри, затоа што нема ниту загадување ниту цветање.

Бахова цветна терапија

АСПЕН

Аспенот (populus tremula), топола, е препарат за луѓе кои без посебна причина чувствуваат ненадеен страв или грижа и затоа главно се нервозни и плашливи. Овие луѓе се многу сензибилни, интуитивни и имаат т.н. шесто сетило. Стравот кој го чувствува аспенот може да биде несвесен и поврзан со страшни претчувства.

Посебно за нив е истакнато дека им се јавуваат ноќни мори и панични напади кои доаѓаат без видлива причина.

Типичните аспен стравови можат да се јавуваат и дење и ноќе, кога се сами или може и во друштво, кога одненадеж ги обзема страв или претчувство за несреќа или непријатна ситуација.

Напнатоста меѓу луѓето, стравовите кои „стојат во воздухот“ ги забележуваат пред било кој друг воопшто да ги почувствува. Тоа чувство е толку интензивно и поради него „аспен личностите“ можат да патат и тие надворешни негативни емоции да ги пренесуваат врз сопствените чувства. Аспенот може да им помогне на алкохоличарите или на личностите кои се жртва на насилство. Во позитивна смисла со оваа есенција се добива внатрешна сигурност. Сопствениот сензибилитет треба што подобро да се искористи, сè со цел да им се помогне на други луѓе. Оваа особина ја подобрува меѓусебната комуникација со партнерот, децата, пријателите. Наместо страв од непознато, доаѓа до верба во себе и внатрешен мир. Децата често имаат поголема потреба од оваа билка, бидејќи се многу поосетливи од возрасните. Тие во своите сништа ги преживуваат случките и доживувањата и настаните што ги имале во текот на денот и можат да бидат уплашени. Аспенот им помага на децата да се опуштат и да не се плашат од темница, казна, диви животни, „вештерки“, напуштање од страна на родителите и други слични реални и нереални стравови. Аспенот ја враќа кај децата сигурноста и довербата.



Болести од кои може да боледуваат личностите во негативна аспен-состојба:

напади на паника, ноќно препотување, вртоглавица, треперење, уринарни инфекции, отежнато дишење, шуштење, сува кашлица, икање, губиток на гласот, засипнатост, астма, болка во стомакот, гастритис, чворчиња во грло, палпитации, чукање на срцето, пецкање во стомакот, хипохондрија, затвор, скршеници, ампутација, пореметување на сексуалноста, лоша ерекција кај мажите и вагинизам кај жените.

J.C.





ПРВО МЕСТО ЗА КОСТА НИКОЛОВСКИ



На почетокот на мај, на патеката Водно се одржа трка во рамките на ЦЕЗ (Централно европска зона), од македонско-црногорскиот шампионат. Во трката учествуваа натпреварувачи од Црна Гора, Бугарија, Полска и домаќинот Македонија. Коста Николовски со своето возило „југо 55“, финансиски поддржан од Општина Карпош, го освои првото место во класата Е1-1200 од вкупно шест натпреварувачи и трето место во „дивизија 3“ од десет натпреварувачи, со вкупно време 5 минути 22 секунди и 53 стотинки.

И.М.

„БРАТСТВО“ - ПРВАЦИ ВО УЧИЛИШНАТА ФУДБАЛСКА ЛИГА

Основците од „Братство“ со конечни 48 бодови на табелата, се новите шампиони во училишната фудбалска лига 2013/14, која ја организира од Одделението за спорт при Општина Карпош. Второто место го освоија младите фудбалери од ООУ „Јан Амос Коменски“, додека третата позиција ја обезбедија учениците од ООУ „Вера Циривири-Трена“. Победничките пехари и медали, на трите најдобро пласирани екипи им ги врачи претседателот на Комисијата за спорт при Советот на Општина Карпош, Давор Грче. Воедно, тој им ги додели свечените статуетки на Кирил Петревски од ООУ „Вера Циривири-Трена“ за најдобар голман, на Бесар Фејзулов од ООУ „Братство“ за најталентиран играч, додека Дарко Чурлинов од ООУ „Јан Амос Коменски“ се покажа како неприкосновен во двете категории, најдобар стрелец и најдобар играч. За тројцата млади фудбалски надежи, Општина Карпош обезбеди едногодишна спортска стипендија и наградна училишна екскурзија.

И.Ѓ.





„ЧЕРНОДРИНСКИ“ ВТОРПАТ НА ТРОНОТ

Учениците од ООУ „Војдан Чернодрински“ се победници на училишната шаховска лига на Карпош за 2013/14 година. На финалниот екипен турнир, кој се одигра во просториите на ШК „Гамбит Асеко СЕЕ“, во конкуренција до 8 одделение, тие вторпат успеваат да ја обезбедат највисоката позиција во својата категорија. Второпласиран е тимот од ООУ „Владо Тасевски“, а бронзата ја обезбедија младите шахисти од ООУ „Лазо Трповски“.

Во екипна конкуренција до 5 одделение, победничкиот пехар и златните медали отидоа во рацете на учениците од ОУ „Јахја Кемал“. Во сосема неизвесна битка полна со надмудрувања, основците од ООУ „Владо Тасевски“ го обезбедија среброто, додека нивните соперници од ООУ „Димо Хаџи-Димов“ мораа да се задоволат со третата позиција. Во поединечна конкуренција до 8 одделение, Ристе Јовчев од ООУ „Димо Хаџи-Димов“ убедливо тријумфираше, освојувајќи го првото место. Втората позиција ја освои актуелниот шаховски првак на Македонија до 12 години, Миле Костески од ООУ „Владо Тасевски“, а со бронза се закити Иван Чешмециевски од ООУ „Лазо Трповски“.

Кај поединците до 5 одделение, Матео Евтовски од ООУ „Владо Тасевски“, убедливо, со четири поени од четири партии, ја обезбеди првата позиција. Кирил Кочевски од ОУ „Јахја Кемал“ го освои среброто, а Леа Евтовска од ООУ „Владо Тасевски“ го освои бронзениот медал. Победничките пехари и медали на најдобро пласираните шахисти им ги врачи претседателот на Комисијата за спорт при Советот на Општина Карпош, Давор Грче, посакувајќи им успех на полето на оваа древна вештина. Младите шахисти во поединечна конкуренција, играа по швајцарски систем од четири натпреварувачки кругови, додека, во екипно натпреварување, се играше по Бергеровиот систем (секој со секого). Оваа шаховска манифестација се одржува третпат, во организација на Општина Карпош, а со техничка поддршка на ШК „Гамбит Асеко СЕЕ“. **И.Ѓ.**



ХОРОСКОП



Јоана Станиќ

Јуни '14

Овен: Преиспитајте ги своите цели во врска со работата, но не донесувајте нагли одлуки. На емотивен план, се преиспитувате дали и понатаму да инвестирате во односот со партнерот. Чувајте ја главата од повреди.

Бик: На работен план, потребно е да вложите повеќе труд за да ги осигурите вашите позиции. Во љубовта ќе сакате да ризикувате и не бидете премногу критични. Почнете да се занимавате со јога, пилатес и медитација за да го смирите умот.

Близнаци: Поделете ги визиите со соработниците. Тоа ќе ви донесе поголем успех. Секојдневната рутина ќе ви прави тешкотии. Доколку имате дилема меѓу два партнера, пред да донесете одлука, погледнете ги сите аспекти на односот поединечно. Синхронизирајте ги духот и телото.

Рак: Ќе ви биде потребна голема трпеливост и рационалност за да ги остварите целите. Внимавајте на односот со претпоставените. Потребна ви е дистанца од партнерот бидејќи чувствувате дека ви е загрозена слободата. Пешачете.

Лав: Многу варијации на работен план. Промените кои ве очекуваат одат во ваш прилог. Не дозволувајте просечност во љубовниот однос, заслужувате најдобро. Проверете ја крвната слика и потрудете се да ве следи поведро расположение.

Девица: Ќе се чувствувате запоставени. Не смеете да поверувате во автентичноста на ова чувство ниту да дозволите огорченоста да надвладее. Партнерот ќе го забележи вашето емотивно патење и ќе ви пружи целосна поддршка. Не дозволувајте менталната напнатост да влијае на здравјето.

Вага: Ќе бидете многу непредвидливи. Избегнувајте ги конфронтациите со претпоставените. Бидете поведри во партнерските односи и не дозволувајте работните проблеми да се прелеат на љубовен план. Прошетка во природа.

Скорпија: Доколку потпишувате некој договор, ќе треба да ги смените условите. Ни најмалите ситници не препуштајте ги на случајноста. Нова романса е на повидок. Консумирајте повеќе течности и редовно вежбајте.

Стрелец: Внимателно комуницирајте со новите партнери на работен план. Не доведувајте се во непромислени ситуации за кои подоцна би се каеле. Стрелците во долги врски и во брак ќе бидат ставени на преиспитување. Алергии.

Јарец: Почнете процес на промена, направете корекции на вашата досегашна работа и не дозволувајте оптимизмот премногу да ги растегне вашите финансии. Емотивно посветете се повеќе на партнерот. Посетете лекар.

Водолија: Правдата доаѓа полека, но сигурно. Конфликтите на работен план ќе бидат решени, но не дозволувајте да ве вовлечат во туѓи проблеми. Дозволете партнерот емотивно да ви се приближи. Потребно ви е повеќе сон.

Риби: За стабилизирање на финансиската состојба, потребно е да помине уште некое време. Нема посебни промени во емотивниот живот, ова е релативно стабилен период. Внимавајте на храната, движете се повеќе и вооружете се со оптимизам.



ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА
"ЕЛИСАВЕТА"

Дом за стари лица "Елисавета"

02/30-62-021
02/61-46-880
078/43-41-49









Олимпико		TIGAR	BFGoodrich	MICHELIN
175/65 R14	Стара цена	2.890	3.570	4.980
	Нова цена	2.710	3.320	4.310
	Попуст 25%	2.033	2.490	3.233
195/65 R15	Стара цена	3.690	4.610	6.330
	Нова цена	3.380	4.120	5.350
	Попуст 25%	2.535	3.090	4.013
205/55 R16	Стара цена	4.980	6.210	8.800
	Нова цена	4.310	5.410	6.950
	Попуст 25%	3.233	4.058	5.213
225/45 R17	Стара цена	7.260	9.160	13.040
	Нова цена	5.720	7.690	10.150
	Попуст 25%	4.290	5.768	7.613

Попустот важи и за другите димензии и трае до завршување на залихите.

Бул. 8 - ми Септември бр. 38 (на спроти Хубо Маркет и Тојота) тел. 02/30-64-689 и 02/30-63-351
!!! Ново ласерско 3Д центрирање на преден и заден трап

РАСПУСТ


СВИДЕТЕЛСТВО
Основно Училище
ВОЙДАН ЧЕРНОДРИНСКИ
СКОПЈЕ
ГЕНЕРАЦИЈА 2010-2014